# <u>СТРАТЕГИЈА ЗА КОМУНИКАЦИЈА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 2008-2012 ГОДИНА</u>

<u>- септември 2008 -</u>

**<u>Добра и успешна комуникација е одговорност и задача на секој вработен во Државниот завод за ревизија</u>**

СОДРЖИНА

1. Вовед ........................................................................ 4

2. Стратешка цел на комуникацијата .................................... 4

3. Принципи на комуникација ................................................ 5

4. Целни групи ..................................................................... 6

5. Внатрешна комуникација – ДЗР ......................................... 6

6. Надворешна комуникација: Целна група I (Собрание, Влада, Министерство за финансии...) ................................. 8

**7.1. Собрание ........................................................................ 8**

**7.2. Влада на Република Македонија ........................................ 9**

**7.3. Министерство за финансии ............................................ 10**

7. Надворешна комуникација: Целна група II (институции надлежни за поведување постапки по ревизорските извештаи) ........................................................................ 11

8. Надворешна комуникација: Целна група III (субјекти на ревизијата.................................................................... 12

9. Надворешна комуникација: Целна група IV (медиумите и јавноста) ........................................................................ 13

10. Средства/Инструменти за комуникација ........................ 15

11. Меѓународна соработка ................................................ 16

12. Мерење и евалуација .................................................... 17

## 1. ВОВЕД

Стратегијата за комуникација за периодот 2008-2012 година е интерен документ со флексибилен карактер, изготвен и донесен врз основа на веќе утврдена визија и мисија на ДЗР, како и поставените цели и активности во Стратегијата за развој на ДЗР за периодот 2008-2012 година.

Основните постулати на Стратегијата се базирани на меѓународните ревизорски стандарди (дел за комуникација и информирање) и искуствата од другите врховни ревизорски институции.

Одржувањето добра и континуирана комуникација (внатрешна и надворешна) со целните групи на ДЗР ја наметнува потребата од однапред планирани и утврдени начини, политики и средства за комуникација.

ДЗР треба да се стреми кон подобрување и развивање на посредната и непосредната комуникација, внатрешно и надворешно. За таа цел оваа Стратегија ги утврдува:

- Основните цели на комуникација;
- Принципите на комуникација;
- Дефинирање на целните групи
- Воспоставените односи со целните групи;
- Активностите кои треба да се преземат за постигнување на целите;
- Начините на комуникација;
- Средствата и инструментите за комуникација;
- Мерењето и оценувањето;

Оваа Стратегија претставува инструмент наменет за раководството, ревизорите и другите вработени во ДЗР за остварување на зацртаните цели.

Стратегијата е изготвена во рамките на Твининг проектот – Компонента 2 – што се реализира меѓу Државниот завод за ревизија (ДЗР) и Холандскиот суд за ревизија (ХСР).

## 2. СТРАТЕШКА ЦЕЛ НА КОМУНИКАЦИЈАТА

Основната цел на комуникација е дефинирана во Стратешката цел број 5 – Комуникација, која е во функција на подобрување на системот на комуникација и размена на информации со домашни и меѓународни правни субјекти и информирање на јавноста за работењето на ДЗР.

За да се обезбеди информациите да претставуваат успешен инструмент во исполнувањето на зацртаните работни цели, нивното проследување треба да се планира и да се насочува според поединечните целни групи, според одредени состојби и потреби.

Одговорност на ДЗР е да обезбеди целните групи да бидат информирани за сите релевантни информации поврзани со ревизијата и да се создадат

потребните услови за презентирање и размена на информациите на најсоодветен начин.

Примената на Стратегијата за комуникација треба да овозможи градење на добар имиџ и реноме на ДЗР и на подигнување на свеста на јавноста за улогата и местото на институцијата.

## 3. ПРИНЦИПИ НА КОМУНИКАЦИЈАТА

Точните, навремeнтите, лесно достапни информации и соодветниот начин за комуникација со целните групи ги чинат основните принципи на комунукацијата. Ефективниот и соодветен начин на комуницирање е одлучувачки за работењето на ДЗР.

Ова треба да се применува во релациите со целните групи: Собранието на Република Македонија, надлежните органи за надзор и контрола, институциите надлежни за поведување постапки по ревизорските извештаи, ревидираните субјекти, медиумите и јавноста.

Одговорност на ДЗР е да се погрижи целните групи да бидат свесни за сите релевантни информации поврзани со ревизијата и да се создадат потребните услови за презентирање и размена на информациите на најсоодветен начин.

Истите принципи важат и за внатрешната комуникација помеѓу раководството и вработените, помеѓу вработените од ист или од различен сектор.

Вработените во ДЗР треба да ја темелат комуникацијата на принципот на етичко однесување и градење на односи согласно Кодексот за деловна етика и однесување на вработените во ДЗР.

Во било кој вид на комуникација треба да биде дадена иста важност на двете страни – испраќачот и примателот на информациите. Нивните познавања, гледишта и потреби во било кој процес се основен предуслов за добра комуникација.

ДЗР треба да има унифициран пристап во комуникацијата со целните групи. Иако ревизиите кои се извршуваат може да имаат различни цели (финансиска ревизија, ревизија на успешност, други видови ревизии) и различен мметодолошки пристап, пораката која се испраќа треба да биде унифицирана кон сите нив. Предуслов за почитување на овој принцип се добрата соработка меѓу секторите во ДЗР и јасната комуникација на задачите и одлуките.

Надворешната комуникација треба да биде редовна, пишана и динамична, непосредна (лична) и задолжителна електронска комуникација (како дел од идната Е-Македонија, односно од проектот Е-влада)

*Точни информации;*
Точната информација е проверена од две или повеќе страни и задолжително се знае нејзиниот извор кој треба да ја потврди информацијата.

*Навремени информации;*
Информацијата е корисна ако е дадена и примена навреме, во однапред определено време.

*Лесно достапни информации;*
Информацијата е лесно достапна ако до неа може да се дојде на лесен, брз и едноставен начин користејќи писмена, усна, телефонска или електронска комуникација.

*Соодветна комуникација за одделни целни групи;*
Соодветната комуникација т.е. давањето и примањето информации се применува во комуникација со Собранието на Република Македонија, со Министерството за финансии, Јавното обвинителство на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, Државната комисија за спречување на корупцијата, ревидираните субјекти, медиумите и со граѓаните.

## 4. ЦЕЛНИ ГРУПИ

Во оваа Стратегија разликуваме внатрешна ***(Глава 5)*** и надворешна комуникација ***(Глави од 6 до 9).***

ДЗР има голем број целни групи, кои ги поделивме во четири групи според природата на односот на комуникацијата на ДЗР со нив. Тоа не значи дека една група е поважна од другите.

I. Собрание, Влада, Министерство за финансии;
II. Институции надлежни за поведување постапки по ревизорските извештаи;
III. Субјекти на ревизија според Законот за државна ревизија;
IV. Посредничка целна група - медиуми и јавност;

## 5. ВНАТРЕШНА КОМУНИКАЦИЈА ВО ДЗР

Меѓу раководството и вработените во ДЗР, како и меѓу вработените во ист или различни сектори и одделенија постои соодветна комуникација.

Основна цел

Подобрување на размената на информации со цел да им се овозможи на вработените размена на знаење и искуства во насока на подобрување на резултатите од работењето.

Внатрешната комуникација е важна и има свое место и улога во процесот на извршување на работните задачи.

Внатрешната комуникација се одвива телефонски, лично, писмено и електронски.

Воспоставувањето на добра внатрешна комуникација е работна обврска на секој вработен во ДЗР.

Секој вработен во ДЗР е одговорен за воспоставување на добра и успешна интерна комуникација.

***Што да се преземе и како тоа да се направи?***

Приоритетно – рок веднаш: да се инсталира Интранет;
Приоритетно – рок веднаш: да се инсталира безжичен интернет за секој вработен во ДЗР;

Да се објавуваат на огласна табла најважните заклучоци на Колегиумот на ДЗР (прва фаза) и на Интранет (втора фаза);

Да се објавуваат на огласна табла (прва фаза) и на Интранет (втора фаза) поважните исечоци од медиумите кои се однесуваат на резултатите и ефектите од работењето на ДЗР;

Да се објавуваат на Интранет сите интерни акти на ДЗР.

Внатрешна комуникација:
Нивото на внатрешната комуникација е дефинирано и утврдено со организационата шема.

Вертикална комуникацијата
ГДР - ЗГДР - ПГДР – раководители на ревизорски тим – ревизори;
ГДР – ЗГДР - советници – административно технички секретар – персонал;
ГДР – Портпарол;
ГДР – Внатрешен ревизор;
ГДР – Комисијата за јавни набавки;
ГДР – Комисија за полагање на испит за сертификат ОДР;
ГДР – Издавачки совет;

Хоризонтална комуникација
ГДР – ЗГДР – советници;
ПГДР меѓусебно;
Советници – ПГДР;
Портпарол – ПГДР – раководител на ревизорски тим – ревизори – други вработени;
Раководител на ревизорски тим – ревизори – други вработени;

## 6. НАДВОРЕШНА КОМУНИКАЦИЈА - Целна група I (Собрание, Влада, Министерство за финансии)

### 6.1. Собрание на РМ

Според Законот за државна ревизија, Главниот државен ревизор до Собранието ги доставува ревизорските извештаи за:

- Буџетот на Република Македонија и министерствата;
- буџетите на фондовите;
- буџетите на општините,
- корисниците и единките корисници на средства од буџетите,
- Народната Банка на Република Македонија;
- правните лица во кои државата е доминантен акционер;
- јавните претпријатија основани со закон;

Освен горенаведените извештаи, Главниот државен ревизор ги доставува до Собранието на Република Македонија и:

- ревизорските извештаи во кои е изразена оценка за воздржување од давање на мислење за финансиските извештаи;
- ревизорските извештаи со кои е оценето дека во финансиските извештаи нереално и необјективно е искажана состојбата и резултатот од работењето.

Соодветната комисија во Собранието ги разгледува прашањата поврзани со државната ревизија.

**Што недостасува во сегашната комуникација?**

ДЗР нема воспоставена активна комуникација со Собранието во однос на поднесените Конечни ревизорски извештаи и Годишниот ревизорски извештаи, односно нема повратни информации од Комисијата за финансирање и буџет. Ваквата состојба влијае ДЗР да не располага со информации во врска со тоа дали Комисијата ги разгледува наведените извештаи и дали се преземаат конкретни активности.

Годишниот извештај кој ДЗР го поднесува до Собранието во последните две години, за 2005 и 2006 година, не е разгледуван од страна на Собранието. Ако не се преземаат мерки и активности по препораките дадени во однос на утврдените неправилности од страна на државните ревизори, Годишниот извештај за работењето на ДЗР ја губи својата намена.

Основни цели:

- да се зголеми интересот и мотивацијата на пратениците за разгледување на резултатите и ефектите од извршените ревизии
- обезбедување повратни информации од Комисијата за финансирање и буџет, за активности преземени по ревизорски извештаи

***Што да се преземе и како тоа да се направи?***

- да продолжи веќе воспоставената електронска комуникацијата со Собранието на РМ во контекст на доставување на конечните ревизорски извештаи во електронска форма. Рок: тековно. Задолжено лице: портпарол;
- да се воведе известување на пратениците за тековните активности, за резултатите и за ефектите од работењето на ДЗР со издавање/печатење на информативни билтени, публикации и брошури. Рок: прва половина на 2009. Задолжени лица: вработени во Единицата за јавно информирање и Секторот за равој
- да се задолжи лице за директна усна /писмена/електронска комуникација со членовите на соодветната комисијата на Собранието на Република Македонија задолжено за разгледување на извештаите на ДЗР. Рок: крај на 2008. Задолжено лице: советник за ревизија;
- да се утврди термин за средба на ГДР/ЗГДР со претседателот /потпретседателот на Собранието на РМ на тема: објавувањето во јавноста на Годишниот извештај на ДЗР и начелно утврдување на терминот за расправа во Собранието по повод Годишниот извештај на ДЗР. Рок: трет квартал на 2008. Задолжено лице: ГДР или ЗГДР

### 6.2. Влада на РМ

Согласно Законот за државна ревизија, Главниот државен ревизор до Владата на РМ ги доставува ревизорските извештаи на субјектите кај кои Владата е надлежен орган за надзор. Посебно тело во Владата е надлежно за разгледување на овие извештаи и предлагање мерки и активности за успешна имплементација на препораките дадени од страна на ревизорите во ревизорските извештаи.

Владата на РМ е должна да го извести ДЗР за преземените мерки во врска со наодите во ревизорските извештаи најдоцна во рок од 90 дена од денот на добивањето на Конечниот извештај.

Сегашната комуникација меѓу ДЗР и Владата на РМ се одвива претежно во насока на доставување на ревизорските извештаи и известување за преземените мерки од страна на Владата и таа комуникација е задоволителна.

Основна цел:

- да се подигне степенот на имплементирање на препораките дадени во ревизорските извештаи од ДЗР;

**Активности за подобрување на комуникацијата**

Со измените и дополнувањата на Деловникот за работа на Владата на РМ се формира тело на Владата на Република Македонија кое ќе ги разгледува ревизорските извештаи и ќе предлага мерки и активности за успешно спроведување на препораките на ревизорските извештаи издадени од ДЗР.

***Што да се преземе и како тоа да се направи?***

- да продолжи комуникацијата со Владата во однос на поднесување на конечните ревизорски извештаи, во согласност со ЗДР. Рок: тековно. Задолжени лица: ПГДР
- да се одреди лице задолжено за непосредна усна/писмена/електронска комуникација со членовите на телото формирано од Владата на Република Македонија надлежно за разгледување на ревизорските извештаи и за предлагање на мерки и активности за успешно спроведување на препораките содржани во ревизорските извештаи. Рок: тековно. Задолжено лице: советник за ревизија
- да се одредат средства и инструменти за комуникација за поинтензивна соработка со телото на Владата на Република Македонија надлежно за разгледување на ревизорските извештаи. Рок: втора половина на 2008. Задолжено лице: портпаролот во координација со советникот за ревизија и претседателот на телото на Владата.

### 6.3. Министерство за финансии

ДЗР треба да продолжи со воспоставената комуникација и добрата соработка со Министерството за финансии.

Државниот завод за ревизија е должен до Министерството за финансии да го достави секој ревизорски извештај во кој се констатирани наоди од областа на финансиите. Како орган за надзор и контрола, Министерството за финансии е должно да го извести ДЗР за превземените мерки во врска со наодите во ревизорските извештаи најдоцна во рок од 90 дена од денот на добивањето на Конечниот извештај.

Со важечкиот Закон за државна ревизија, Министерството за финансии го одобрува буџетот на ДЗР и ги одобрува сите барања на ДЗР за финансиски средства потребни за реализација на Годишната програма за работа на ДЗР.

Заклучокот на Владата на РМ од 06.09.2007 година се задолжува Министерството за финансии да предложи соодветни законски измени со кои ќе се зголеми независноста на ДЗР во однос на обезбедување и располагање со финансиски средства, односно доколку буџетот на ДЗР предложен од Собранието не е доволен за негово непречено функционирање, Главниот државен ревизор да има право да даде свој предлог-буџет до Собранието, за кој со гласање ќе се произнесат пратениците. На тој начин, ДЗР е на добар пат да се стекне со соодветна финансиска независност во поглед на трошење на средствата од сопствениот буџет.

## 7. НАДВОРЕШНА КОМУНИКАЦИЈА – Целна група II (институции надлежни за поведување постапки по ревизорските извештаи)

Институции надлежни за поведување постапки по ревизорските извештаи се: Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи и Државната комисија за спречување на корупцијата.

Според Законот за државна ревизија:

- доколку во вршењето на ревизијата овластениот државен ревизор утврди дека постои основно сомневање дека е сторен прекршок или кривично дело, за тоа веднаш се известуваат надлежните органи (Министерство за внатрешни работи, Јавно обвинителство и Државна комисија за спречување на корупцијата).
- надлежните органи се должни за преземените мерки да го известат Државниот завод за ревизија во рок од 90 дена.

### Што недостасува во досегашната комуникација?

Сегашната соработка меѓу ДЗР и институциите надлежни за поведување постапки по ревизоорските извештаи е незадоволителна и треба да се подобри во смисла на обезбедување на редовни повратни информации.

Основна цел:

- поттикнување на институциите за поведување постапки по ревизорките извештаи за поажурно следење на ревизорските извештаи и преземање мерки во согласност со наодите содржани во ревизорските извештаи на ДЗР.

### *Што да се преземе и како тоа да се направи?*

- да продолжи писмената коресподенција: известување за наодите од извршените ревизии; Рок: тековно. Задолжени лица: ГДР, ЗГДР, ПГДР, Портпарол;
- да се продолжи комуникацијата со Јавното обвинителство, со Државната комисија за спречување на корупцијата и Министерството за внатрешни работи. Рок: втора половина на 2008. Задолжени лица: советник за ревизија;
- да се интензивира комуникацијата со институциите за поведување постапки по ревизорските извештаи преку задолжување лице за непосредна периодична комуникација со одговорните лица на надлежните државни институции за поведување постапки по ревизорските извештаи со периодична динамика. Рок: втора половина на 2008. Задолжено лице: советник за ревизија;

## 8. НАДВОРЕШНА КОМУНИКАЦИЈА – Целна група III (субјекти на ревизија)

Оваа целна група ги вклучува институциите кај кои се врши ревизија според Законот за државна ревизија: буџетот на РМ, буџетите на единиците на локалната самоуправа, буџетите на фондовите, корисниците на средствата од буџетот, јавните претпријатија, Народна банка на Република Македонија, правни лица во кои државата е мнозински сопственик, политичките партии финансирани од буџетот, агенции и други институции основани со закон, други организации финансирани со јавни средства, како и корисниците на средствата од ЕУ и други меѓународни организации.

Комуникацијата со субјектите кои се предмет на ревизија се одвива помеѓу:

- Помошникот ГДР надлежен за извршената ревизија и одговорните лица на субјектот кај кој се врши ревизија;
- раководството на ДЗР и раководните лица на институцијата надлежна за надзор на работата на субјектот кој е предмет на ревизија, во однос на преземените мерки по ревизорските наоди и дадените препораки;
- раководството на ДЗР и одговорните/раководни лица на институциите надлежни за преземање мерки по однос на извештаите проследени до нив;

Комуникацијата со субјектите кои се предмет на ревизијата се одвива на три начина:

- писмена, усна и електронска комуникација во контекст на обезбедување релевантни информации и документи потребни за започнување на процесот на вршење ревизија;
- директна комуникација за време на процесот на вршење ревизија;
- комуникација со цел да се поттикне раководството на субјектот во смисла на имплементирање на дадените препораки по утврдените наоди/неправилности во ревизорските извештаи и следење на динамиката на истото;

Односите меѓу ревизорите и субјектите на ревизија се релативно добри и практиката на обезбедување информации за ревизорите, доставување на неопходни документи и.т.н. треба да продолжи.

Надлежната институција за надзор на субјектите на ревизија е должна да го извести ДЗР за мерките преземени по препораките на ревизијата, во рок од 90 дена од денот на примање на конечниот извештај.

Основна цел:

- Субјектите на ревизија да ги прифатат сугестиите од ревизорите уште во текот на ревизијата;

***Што да се преземе и како тоа да се направи?***

- Согласно Законот за државна ревизија, субјектите предмет на ревизијата се должни да одговорат дали превземале мерки согласно препораките дадени во ревизорските извештаи. Во оваа смисла субјектите треба да ги следат препораките колку е можно повеќе за да го подобрат своето работење.
- Да се спроведуваат обуки за градење на комуникациски вештини;

## 9. НАДВОРЕШНА КОМУНИКАЦИЈА: Целна група IV (медиумите и јавноста)

Оваа целна група ги вклучува медиумите и јавноста. Овие посреднички целни групи можат да се искористат непосредно за постигнување на нашите цели.

Кога јавното мислење е многу силно, моќно и влијателно, може да има силно влијание врз работењето на институциите.

Медиумите се главни посредници во протокот на информациите кои излегуваат од ДЗР.

Медиумите се најважните, најбрзите и најсилните креатори на јавното мислење.

Комуникацијата со медиумите и со новинарите е многу важна за создавање на добра репутација и позитивен имиџ на ДЗР во јавноста и, воопшто, во однос на претставување на улогата, местото и значењето на ДЗР во општеството.

ГДР/ЗГДР/ПГДР/раководител на тим/портпарол се одговорни за комуникација со медиумите, со цел да се зголеми транспарентноста на ефектите од работењето на ДЗР.

<u>Основни цели:</u>

- постигнување урамнотежен и позитивен став за улогата, местото и значењето на ДЗР, односно избегнување негативен публицитет што би можел да предизвика намалување на влијанието на пораките кои ДЗР ги пласира во јавноста;

- зголемување на транспарентноста на резултатите и ефектите од работењето на ДЗР;

***Што да се преземе и како тоа да се направи?***

Редовно објавување на ревизорските извештаи на ВЕБ-страницата и комуникација со новинарите (телефон, личен контакт, електронска пошта ...). Рок : крај на 2008. Задолжено лице: Портпаролот;

Воведување на нови инструменти и начини на комуникација со медиумите/новинарите искажани низ „Политиката на медиумска покриеност“. Рок: крај на 2008. Задолжено лице: Портпаролот;

Политика на медиумска покриеност:

- брифинзи со новинарите по потреба. Рок: втора половина на 2008. Задолжено лице: раководител на тим, ПГДР и Портпарол;
- брифинзи на новинарите од типот „лице в лице“. Рок. тековно. Задолжено лице: Портпарол
- прес-конференција по повод објавувањето на Годишниот извештај. На неа би учествувале ГДР, ЗГДР, ПГДР, ОДР, Шеф на кабинет. Рок: седум дена од денот на доставување на Годишниот извештај до Собранието на Република Македонија. Задолжено лице: Портпарол;
- интервјуа за медиумите со претходен договор со новинарите околу опфатот на темите. Рок: тековно. Задолжено лице: Портпарол во координација со ГДР, ЗГДР, ПГДР

Основните прашања кои треба да се имаат предвид пред согласност на интервју:

- дали тоа интервју ќе помогне во пренесувањето на пораката на ДЗР до целните групи?
- дали е добро избран тајмингот на интервјуто?
- колкаво е влијанието на медиумот на целната група со која сакаме да комуницираме и на која сакаме да ја пренесеме пораката?
- како тој новинар не третирал во јавноста во изминатиот период?
- може ли да му се верува дека ќе се придржува на договорените прашања и дека нема да навлегува во други подрачја?

Мониторнинг на медиумите/Клипинг на објавеното:

Мониторингот на медиумите околу прашањата поврзани за ДЗР е мошне важно доколку сакаме да ја оцениме делотворноста и ефикасноста на Стратегијата на комуникација.

Клипингот на објавените информации и вести за ДЗР е важен заради квантитативна и квалитативна анализа на објавеното, за воочување на позитвната медиумска покриеност и нејзино експонирање, односно воочување на негативната медиумска покриеност која треба да ја корегираме.

Клипингот на објавените информации и вести е важен и заради дефинирање на развојните тенденции на ДЗР, но и заради прибирања на информации за медиумите и новинарите кои би му помогнале на лицето задолжено за односите со јавноста да може подобро да ја позиционира стратегијата за односи со медиумите.

Во голем број на Врховни ревизорски институции клипингот на објавените информации и вести, и мониторнигот на медиумската покриеност им се доверува на специјализирани агенции.

Рок: тековно.
Задолжено лице: Портпаролот и по потреба специјализирана агенција;

Демантирање на објавеното:

Не постои единствена техника или правило за демантирање на нешто што е објавено во медиумите во контекст на работењето на ДЗР.

Во случај на потреба од демантирање Главниот државен ревизор, одговорниот ПГДР и Портпаролот заеднички расправаат и бараат најдобар начин за реагирање/демантирање.

Можни решенија во врска со демантирањето се:

- писмо до уредникот (доколку новинарот погрешно ја сфатил положбата на ДЗР или погрешно го интерпретирал она што му е кажано);
- составување на текст за објавување во повеќе медиуми (доколку погрешната интерпретација имала пошироко влијание). Притоа треба да внимаваме да не додадеме нов импулс или повод за понатамошно проширување на темата;
- нереагирање (во случај да се работи на пример само за погрешно наведена бројка што битно не ја загрозува и не нанесува штета на ниедна страна);

## 10. СРЕДСТВА / ИНСТРУМЕНТИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА

Средствата и инструментите за комуникација се делумно одредени со обврската која произлегува од ЗДР и делумно од процесот на ревизија и политиката на раководството.

Резиме

- Извештајот содржи резиме;
- Резимето е многу важно како за надворешната, така и за внатрешната комуникација, но и за лицето кое го изготвува;
- Резимето е составен дел од ревизорскиот извештај кој ги опфаќа основните и најважните наоди, препораки и ревизорското мислење за работењето на субјектот на ревизија;

Годишен извештај

- Публикации кои ја претставуваат работата на ДЗР во претходната година преку: бројот на извршени ревизии, обемот на ревидираните трошоци, наодите, препораките и мерките преземени од страна на субјектите на ревизија и надлежните институции;
- Годишниот извештај се доставува до Владата, Министерството за финансии други институции одредени со интерен акт;
- Годишниот извештај се објавува на ВЕБ-страницата на ДЗР согласно Законот за државна ревизија;

Квартални извештаи

- Извештај за работењето на ДЗР во одреден квартал и извештаи за извршените ревизии;

ВЕБ-страница

- Ја информира јавноста за релевантни показатели, вести и информации, ефекти од извршени ревизии, планови и програми и евиденцијата на ДЗР. Укажува на случаи на ненаменско трошење на средства и одговара на прашања на посетителите;

Брошури и ЦД

- Краток преглед, лична карта на ДЗР, мисија и визија, улогата и местото на ДЗР, влијание и примери од практиката, вклучително кратки интервјуа со раководството на ДЗР;

Тркалезна маса

- Настан со одредена намена – се одржува по потреба и за одредена целна група;

Презентации

- Презентации со одредена намена за време на посети на официјални делегации и гости, студиски патувања на делегации од ДЗР во земјата и во странство. Да се продолжи со презентации во рамки на семинари. Да се вклучат **Power Point** презентации во контактите со Собранието

## 11. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Меѓународната соработка ги третира односите на ДЗР со други ВРИ, со Европскиот суд на ревизија, со меѓународните ревизорски институции, со професионални ревизорски здруженија од Европа и светот.

Основни цели:

- размена на знаењата, искуствата, методолошки материјали, документи и информации со други Врховни ревизорски инстутуции (ВРИ), регионални работни групи (ЕУРОСАИ и други), професионални организации и здруженија;
- Усогласување на методологијата на работата во рамките на меѓународно прифатените ревизорски ИНТОСАИ стандарди;
- следење на современите пракси за развој на ревизорската професија;
- информирање за активностите, резултатите и ефектите од работата на ДЗР во меѓународните форуми;
- придонес за угледот и градењето имиџот на ДЗР кај другите ВРИ и кај други ревизорски здруженија во Европа и светот;

## 12. ЕВАЛУАЦИЈА И МЕРЕЊЕ

Континуираното следење на степенот на остварување на Стратегијата за комуникација претставува основен фактор во процесот на имплементација на истата и нејзино прилагодување/дополнување и менувањене за потребите на ДЗР. Ваквата активност не е ниту едноставна ниту краткотрајна, напротив тоа е долгорочна активност која бара средства, човечки ресурси и други капацитети.

Годишното известување и евалуацијата од имплементирање на Стратегијата на комуникација го координира лице задолжено од Секторот за развој.

Портпаролот го изготвува извештајот за конечна евалуација и мерење, и го поднесува до раководството на разгледување.

За секој вид на медиум (печатен и електронски) треба да се развијат посебни критериуми за следење:

- бројот на објавени текстови и коментари;
- број на позитивни, негативни и неутрални текстови и коментари;
- број на редови и колони (простор) одвоени за текстот или минути за коментарот во медиумот;
- број на наслови, текстови, информации, вести и коментари во кои ДЗР се споменува посредно;
- анализа на медиумите според тиражот, гледаноста и влијанието (широко распространети, средно распространети, регионални весници, национална концесија, локална концесија, специјализирани списанија, неделници ...);

**Број, 0701- 697/1** **Главен државен ревизор**

**Скопје, 19.09.2008 година** **Тања Таневска**